**ЗАПИСНИК**
**од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 14.06.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Присутни од Стручна служба: м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

Други присутни: /

Г-дин Петрушевски, ја отвори 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, информира дека г-дин Трајчев, поради годишен одмор, најавил писмено и усно, дека нема да присуствува на седницата.

Г-дин Петрушевски, констатираше дека во Предлог-дневниот ред недостасува точка Разно. Дополнетиот Предлог-дневен ред за 21-та седница, Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 31.05.2017 година.
2. Предлог-одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година.
3. Предлог измена и дополнување на Безбедносната политика на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во областа на информациско-комуникациската технологија.
4. Предлог-одлука за објавување на јавен оглас за засновање работен однос и спроведување на постапка за вработување на 1 (еден) извршител, виш соработник за јавни набавки и административно-технички работи.
5. Предлог-одлука за објавување на јавен оглас за засновање работен однос и спроведување на постапка за вработување на 1 (еден) извршител, виш соработник за технологии и одржување на информатичкиот систем.
6. Предлог за донесување на Правилник за дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и за донесување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски, со предлог – правилници.
7. Разно

**Точка 1**

Членовите на Советот го разгледаа предложениот записник од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 31.05.2017 година.

Г-дин Петрушевски, рече дека и ова е еден записник од една временски подолга седница. Посочи дека веќе се забележуваат некои ситни грешки кои им се поткраднуваат на службата при подготовка на Предлог-записниците, дека кога се работи за временски подолготрајна седница е малку проблематично за кратко време да се преслуша, обработи и подготви записник. Рече дека и во минатото е дискутирано на оваа тема, и г-н Фиданоски имал забелешка во почетокот да не се изработуваат записници како стенограми. Забележа дека на првите седници како Агенција, записниците биле кратки, при што се интервенираше да бидат поопширни, меѓутоа сега е навистина веќе тешко да се пронајде вистинската мерка. Се обрати до Советот на Агенцијата да размислат во таа насока, дали да се изработуваат записниците во пократка и не толку детална форма како стенограми. Со тоа што ќе треба да се остави делумна слобода и доверба во Одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата, да ги изработуваат записниците како што треба.

Г-дин Фиданоски, посочи дека нема забелешки на толку обемен материјал, генерално се знае каква била дискусијата. Непосредно пред почетокот на седницата, ѝ посочил на раководителот на одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата, Маја Дамевска, да се избрише еден префикс, бидејќи ако остане неговата реченица би имала друг контекст. За сите евентуални ситни правописни грешки на вакви дискусии не реагира бидејќи знае колку бил обемен материјалот. Генерално се согласи дека неговите дискусии се отсликани како што треба. Неговото издвоено мислење е тоа што сакал да го каже и е задоволен од Записникот.

Советот со забелешката од г-дин Фиданоски, со 6 гласа „за“ го усвои Записникот од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 31.05.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, ја образложи Предлог-одлуката за ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година. Објасни дека се предлага ребаланс од две причини. Едната причина е организирањето на меѓународна регулаторна конференција за медиуми и свеченост по повод 20 години од основањето на Советот за радиодифузија на Република Македонија, сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 5 септември 2017 година. Информираше дека е веќе испратен допис до сите регулатори од поранешна Југославија, Косово, Албанија, Грција и Бугарија. Најголем дел од државите, освен Хрватска и Србија, веќе го потврдиле присуството и овие предложени трошоци се наменети за организирање на конференцијата. Рече дека на коктелот на кој освен учесниците на конференцијата ќе бидат поканети и радиодифузерите, кабелските оператори, печатените медиуми, оние кои што се предмет на регулација, како и претставници на Влада на Република Македонија, на Собранието на Република Македонија и другите државни институции. Посочената претпоставена сума, според истражувањето кое го направиле стручните служби, на аукција може да биде и делумно намалена. Втората причина за овој ребаланс објасни дека е техничко одржување на лифтови и платформа.

Г-динот Трајчевски, посочи дека со овој ребаланс на финансискиот план нема да има зголемување на сумата на буџетот, туку само префрлување на средства од ставки кои не се искористени.

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско – финансиски работи, Горан Радуновиќ објасни дека со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2017-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврдено ниво, односно ќе изнесуваат 124.163.472,00 денари. Со наведените измени ќе се обезбедат средства во износ од 874.000,00 денари кои ќе бидат наменети за техничко одржување на лифтови и платформа во износ од 130.000,00 денари за период од 1 (една) година и за организирање на меѓународна регулаторна конференција за медиуми и свеченост во износ од 744.000,00 денари. Јавната набавка за техничко одржување на лифтови и платформа се однесува за период од 2 (две) години во вкупен износ од 260.000,00 денари. Агенцијата остатокот средства во износ од 130.000,00 денари, ќе ги предвиди со Финансискиот план за 2018-та година. Образложи дека јавната набавка за техничко одржување на лифтови и платформа, ќе ја спроведе Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, меѓутоа Агенцијата за млади и спорт, како составен дел од зградата која исто така ги користи лифтовите и платформата, следствено и согласно просторот и утврдениот процент ќе плаќаат за секоја интервенција и доставена фактура. И досега тоа функционирало така, за било која друга набавка која ја имаме спроведено на овој начин.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2770/1 од 13.06.2017 година и едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2017-та година, бр.05-6650/1 од 22.12.2016 година, со текст како што беше предложен.

Со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2017-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврдено ниво, односно ќе изнесуваат 124.163.472,00 денари.

Со наведените измени ќе се обезбедат средства во износ од 874.000,00 денари кои ќе бидат наменети за техничко одржување на лифтови и платформа во износ од 130.000,00 денари за период од 1 (една) година и за организирање на меѓународна регулаторна конференција за медиуми и свеченост во износ од 744.000,00 денари. Јавната набавка за техничко одржување на лифтови и платформа се однесува за период од 2 (две) години во вкупен износ од 260.000,00 денари. Агенцијата остатокот средства во износ од 130.000,00 денари, ќе ги предвиди со Финансискиот план за 2018-та година.

Со предложениот ребаланс ќе се изврши измена на следните позиции:

- Групната ставка <u>400 Потрошени материјали</u> ќе се намали за 100.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 1.549.000,00 денари ќе изнесува 1.449.000,00 денари.
  - Позицијата **400500 – Потрошени материјали за лична хигиена, вода и сл.** ќе се намали за 100.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 453.000,00 денари ќе изнесува 353.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка - средства за хигиена. За наведената јавна набавка е склучен договор со добавувач во износ понизок од планираниот. Средствата кои се обезбедуваат во износ од

100.000,00 денари се однесуваат за техничко одржување на лифтови и платформа.

- Групната ставка <u>**402 Инвестиционо одржување на средствата**</u> ќе се зголеми за 100.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 3.346.000,00 денари ќе изнесува 3.446.000,00 денари. Исто така во оваа групна ставка ќе се изврши и прераспределба на 30.000,00 денари помеѓу две позиции. Средствата кои се обезбедуваат и прераспределуваат се наменети за техничко одржување на лифтови и платформа.
  - Позицијата **402030 – Поправки, изврш. на добрата, сервис, монтажа – хардвер и софтвер** ќе се намали за 30.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 1.200.000,00 денари ќе изнесува 1.170.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка – одржување на WEB страна. За наведената јавна набавка е склучен договор за одржување во износ понизок од планираниот. Средствата кои се обезбедуваат во износ од 30.000,00 денари се однесуваат за техничко одржување на лифтови и платформа.
  - Позицијата **402040 – Поправки, изврш. на добрата, сервис, монтажа – опрема** ќе се зголеми за 130.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 1.164.000,00 денари ќе изнесува 1.294.000,00 денари. Средствата во износ од 100.000,00 денари ги обезбедуваме од групната ставка 400 и позицијата 400500, додека 30.000,00 денари ги обезбедуваме со прераспределба меѓу позициите 402030 и 402040 во групната ставка 402. Вкупните средства во износ од 130.000,00 денари се однесуваат за техничко одржување на лифтови и платформа.

- Групната ставка <u>**411 Кредити и камати за кредити**</u> ќе се намали за 744.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 15.377.000,00 денари ќе изнесува 14.633.000,00 денари.
  - Позицијата **411000 – Кредити и камати за кредити** ќе се намали за 744.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 15.377.000,00 денари ќе изнесува 14.633.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за исплата на рати по земен кредит, но поради предвремена отплата на 10.000.000,00 денари во текот на 2017-та година, ануитетите за отплата на кредитот на Агенцијата се намалија во износ понизок од планираниот. Средствата кои се обезбедуваат во износ од 744.000,00 денари се однесуваат за организирање на меѓународна регулаторна конференција за медиуми и свеченост.

- Групната ставка <u>**409 Други материјални расходи**</u> ќе се зголеми за 744.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 884.000,00 денари ќе изнесува 1.628.000,00 денари.
  - Да се воведе нова Позиција **409500 – Расходи за одржување на конгреси** и истата ќе изнесува 744.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат во износ од 744.000,00 денари се однесуваат за организирање на меѓународна регулаторна конференција за медиуми и свеченост.

Се задолжи Секторот за правни и економски-финансиски работи да го изготви горенаведениот Ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година, во кој ќе ги вгради наведените измени.

**Точка 3**

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, м-р Арбен Саити, го образложи Предлогот за изменување и дополнување на Безбедносната политика на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во областа на информациско-комуникациската технологија (бр.01-1915/1 од 13.03.2015 година). Објасни дека овој документ претставува збир на дефиниции и процедури како треба да се однесуваат корисниците на информациско-комуникациските уреди, чиј сопственик е Агенцијата. Објасни дека измените и дополнувањата се вршат во функција на усогласување на самата политиката по извршена ревизија и наодите утврдени од внатрешниот ревизор и дека не е некоја значајна промена, туку усогласување со фактичка ситуација.

Г-дин Петрушевски, рече дека ова е добар документ кој го имаат донесено пред две години, и дека оние што се занимаваат со оваа проблематика, како самиот тој, колегата Јанчески и раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи се задоволни кога ќе видат ваков документ и доста добро го разбираат неговото значење. Му предложи на раководителот на Секторот да подготви презентација, наменета за корисниците на оваа политика, не за информатичарите, бидејќи тие ги разбираат малку повеќе комплексните делови од оваа Безбедносна политика, со кратки и едноставни зборови да им објаснат на корисниците како да се заштитат самите, бидејќи најчесто проблемите ги прават самите од невнимание. Значи да им се објасни на корисниците како да не го загрозат системот, личните податоци и компјутерот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-2747/1 од 12.06.2017 година и едногласно ги усвои измените и дополнувањата на Безбедносната политика на Агенцијата од областа информациско-комуникациски технологии, со текст како што беше предложен.

**Точка 4 и 5**

Г-дин Петрушевски, предложи за точките 4 и 5 од Дневниот ред, Советот да има една дискусија, а гласањето да биде посебно за секое одобрување за донесување Одлука на директорот. Особено задоволство изрази за предлогот за оглас за вработување извршител во одделението за информатичка поддршка и технологии, од причина што знаејќи го новиот проект, колку им е потребен уште еден вработен на колегите од ова одделение, земајќи ја предвид и точката од седницата што беше непријатна за дискусија на сите членови на Советот, околу проблемите со кои се соочува ова одделение.

Г-дин Трајчевски, рече дека ова се двете најгорливи точки во Стручната служба, односно Одделението за јавни набавки и општи работи и Одделението за информатичка поддршка и технологии, каде што во моментов работи Цветанка Митревска, која е префрлена од Секторот за правни и економско-финансиски работи. Објасни дека изминативе години не било возможно да се распише оглас поради изборите кои се спроведуваа и потенцираше дека на овие работни места мора да се изберат кандидати кои поседуваат високо познавање на соодветните области и да имаат високо стручно ниво. Во случај да нема такви кандидати, посочи дека огласот ќе се повтори. Објасни дека не е целта само физички да се зголеми бројот на вработени,

туку дека е потребен навистина квалификуван кадар согласно одговорноста која ја носат работните позиции. Во Секторот за информатичка поддршка и општи работи има милионска опрема која што не може да си дозволиме некој да се учи на неа, туку напротив, потребен е квалификуван кадар, а истата ситуација е и со Одделението за јавни набавки и општи работи. Ова го посочи од аспект дека и пред отприлика година и пол, Советот одобрил вработување на соработник во Секторот за правни и економско-финансиско работење, на замена, меѓутоа не се успеа да се најде соодветно квалификувана личност, така што и во овој случај ако треба ќе се повтори повеќе пати огласот, меѓутоа мора да бидат избрани квалификувани и многу стручни луѓе заради сложеноста на работните места.

Г-дин Фетаи, рече дека го поддржува ова дополнување со стручен кадар на Агенцијата, во момент кога сме во позиција да можеме да имаме нови вработувања. Не сака да дискутира околу стручноста и соодветната опременост, туку обрна внимание да се има превид и да се почитува уставното начело за недискриминација, соодветна и правична застапеност, во насока да се обрне внимание на достигнување на уставната обврска која ја имаат сите институции, а особено директорот на Агенцијата.

Г-дин Фиданоски, изрази поддршка за новите вработување, изразувајќи ги своите очекувања за избрани стручни и компетентни лица кои што ќе си ја знаат работата. Рече дека апсолутно го респектира излагањето на г-нот Фетаи, дека треба да се почитува уставното начело, со претпоставка дека во Агенцијата како обврска е испочитувано во однос на етничката припадност. Повтори дека ако е тоа испочитувано, треба да се водат сепак примарни да бидат стручноста и компетентноста на кандидатите. Со други зборови, ако се стручни и компетенти, тој нема проблем и 75% да не се Македонци во Агенцијата, ако сите лица се стручни и компетентни. Меѓутоа инсистира на тоа да се внимава на стручноста и компетентноста.

Г-дин Трајчевски, рече дека од тој аспект Агенцијата целосно ја следи законската и уставната обврска и дека досега можеби во одредени години има варијација 2-3%, меѓутоа дека законските и уставните обврски апсолутно се почитуваат.

Г-дин Фетаи, додаде дека нему не му е идејата да ја оценува Агенцијата и директорот колку се почитува оваа уставна обврска, туку сака да афирмира ова уставно начело околу соодветна и правична застапеност да биде почитувано, не дерогирајќи ја стручноста и компетентноста. Да се ангажираат стручни лица кои соодветно ќе ги извршуваат работните задачи кои се предвидени, а притоа да се исполни демократското право на почитување на правната држава, на уставите и законите на државата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.04-2744/1 од 12.06.2017 година и едногласно даде одобрување за донесување на Одлука на директорот на Агенцијата за распишување оглас за засновање работен однос и за спроведување на постапка за вработување на 1 (еден) извршител, виш соработник за јавни набавки и административно-технички работи во Одделението за јавни набавки и општи работи при Секторот за информатичка поддршка и општи работи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.04-2746/1 од 12.06.2017 година и едногласно даде одобрување за донесување на Одлука на директорот на Агенцијата за распишување оглас за засновање работен однос и за спроведување на постапка за вработување на 1 (еден) извршител, виш соработник за технологии и одржување на информатичкиот систем во Одделението за информатичка поддршка и технологии при Секторот за информатичка

поддршка и општи работи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски, објасни дека причината за промената на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата не се нови вработувања, туку водењето на уписникот за управни постапки. Додаде дека при управна инспекција која била извршена во Агенцијата, посочено било вработената која го води уписникот за управна постапка треба да поседува овластување за да го работи тоа или да биде префрлена во Секторот за стратешко планирање и авторски права. Втората причина поради која се прави измена и дополнување на овој Правилник, е напредокот на вработените, бидејќи принцип на Агенцијата е кога некој ќе почне да работи неговото унапредување да биде чекор по чекор. Работното место каде што е предвидено да се води уписникот за управна постапка е предвидено за Виш соработник, а вработената која моментално го работи тоа, треба да почне од помлад соработник, за да се има континуитет. Објасни дека вработената која во моментов го води уписникот ќе си продолжи да си ја извршува истата работна обврска, меѓутоа ќе биде преместена во друг Сектор. За втората измена, г-дин Трајчевски објасни дека се однесува на Одделението за јавни набавки и општи работи, односно за архивското работење каде е предвидено само едно звање, референт, без да се има можност и да работат 30 години да имаат некоја стапка плус. Значи да се надополни со виш референт, како би можеле да напредуваат. Имаме вработена во тоа одделение, која има стаж од околу 20 години и колку добро и да си ја извршува својата работа, почнува и завршува со звањето референт. Кога е носена систематизацијата направен е превид од стручната служба, и од него кога е доставена до Советот, и никој не видел дека тие реално немаат можност да напредуваат. Исто така, посочи дека и во Секторот за правни и економско-финансиски работи, еден од вработените има завршено високо образование и дека треба да му се овозможи да му се верификува дипломата. Значи, нема да има нови вработувања, туку измените и дополнувањата се од технички аспект и биле планирани да се направат и порано, меѓутоа заради целата ситуација корекциите на овој Правилник биле одложени до формирање на новата влада.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, рече дека директорот во поголем дел објаснил сè, само сака да додаде дека соработникот за финансиски и сметководствени работи сега ќе врши и посложени работи, во смисла дека тој ќе ја потпишува и завршната сметка и поседува документ за овластен сметководител, и дека годините на стаж се зголемени за тоа работно место. Додаде дека овие измени и дополнувања, односно промени во систематизацијата, започнале со имплементирањето на Законот за еднакви можности на мажите и жените, кој се имплементирал на начин што во Секторот за програмски работи во описите на работните задачи кои што ги вршат раководителот на одделението за човекови права и кај вишиот соработник за заштита на човековите права, се додаваат дека едниот ќе биде координатор, а другиот заменик координатор за работите кои произлегуваат од Законот за еднакви можности за жените и мажите. Посочи дека вкупно биле 66 работни места предвидени во Стручната служба, со оваа измена се 68, а има и 4 нови извршители, значи биле 90, сега се вкупно 94 извршители.

Г-дин Петрушевски, рече дека се солидни бројките на работните места, и дека тоа е добро, за да може да имаат луѓето секогаш надеж да напредуваат.

Г-дин Фетаи, се изјасни дека ова е малку поспецифично, бидејќи се однесува на една нова систематизација, односно на нови позиции, меѓутоа нема повеќе да дискутира бидејќи Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар има докторирано на оваа тема, во смисла на функционирање на регулаторните тела. И да не го објаснеше д-р Андриана Скерлев Чакар дополнително предлогот, секако ќе ја прашал дали го има разгледано овој предлог и дали има идеја дали е во функција на рационално, поефективно и ефикасно функционирање на регулаторот. Но, после овие образлагања уште помалку имам дилема и ќе го поддржи предлогот за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација.

Г-дин Петрушевски, објасни, бидејќи се работи за два Правилника, дека ќе има и две гласања.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.04-2745/1 од 12.06.2017 година и едногласно донесе Правилник за дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр.01-577/1 од 23.01.2015 година), со текст како што беше предложен.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.04-2745/1 од 12.06.2017 година и едногласно донесе Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр.01-578/1 од 23.01.2015 година и бр.01-3576/1 од 21.05.2015 година), со текст како што беше предложен.

**Бр.** 02-2743/8
22.06 **2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**